Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 02.02.2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на Советот на Општина Кратово во 2015 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Програма за работа на Советот на Општина Кратово во 2015 година бр.16-155/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.01.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-178/1
02.02.2015 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на општина Кратово**
Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.01.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

**за усвојување на Програма за работа на Советот на Општина Кратово во 2015 година**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово усвојува Програма за работа на Советот на општина Кратово во 2015 година.

Програмата е во прилог и е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.16-155/1
30.01.2015 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 15 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.01.2015 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на Советот на општина Кратово во 2015 година**

## I. ВОВЕДЕН ДЕЛ

Според Законот за локалната самоуправа, Статутот на општината и Деловникот за работа на советот, на Советот на општина Кратово е предвидена обврска да донесе Програма за работа на Советот за тековната година според која што Советот ќе работи и ќе ги насочува своите активности за тековната година.

Советот на општината определувајќи ги насоките по кои ќе работи во текот на 2015 година, а со цел да создаде услови за остварување на својата функција, ја донесува Програмата за работа за 2015 година.

Советот на општината во рамките на своите надлежности може да организира и посебни седници посветени на тековните прашања и одговори на прашањата поставени од советниците до Градоначалникот и службите на општинската администрација.

Бројот на таквите седници ќе зависи од актуелните проблеми и прашањата за кои што ќе има интерес да бидат поставени.

Програмата за работа на Советот може во текот на годината да биде изменувана и надополнувана при што секое надополнување и обогатување ќе биде во функција на нејзиното поквалитетно и квантитетно остварување.

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ

**(конкретни точки, временски период за нивно донесување и изготвувачи и предлагачи на истите)**

- Советот на општина Кратово ќе одржува седници секој месец, а најмалку 12 во текот на годината;

***Јануари-Февруари-Март***

- Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за четвртиот квартал од 2014 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Кратово за 2015 година (доколку има потреба за измена и дополнување) -Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на општина Кратово за 2015 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Извештај за работата на одделението за финансиски прашања вклучувајќи информација за облогот и наплатата на општинските даноци и такси за 2014 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Одлука за висината на благајничкиот максимум за 2015 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Годишна, завршна сметка на буџетот на општина Кратово за 2014 година и Годишен извештај за 2014 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Одлуки за поддршка на проекти за аплицирање кај домашни и меѓународни институции-Поединечните одлуки ќе бидат изготвени и предложени откако ќе бидат објавени повиците за аплицирање со поединечни проекти-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Годишна, завршна сметка на ООУ "Кочо Рацин"-Кратово за 2014 година;
- Предлог-Годишна, завршна сметка на СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово за 2014 година;
- Предлог-Годишна, завршна сметка на ЈОУДГ "Царка Андреевска"-Кратово за 2014 година;
- Предлог-Годишна, завршна сметка на ОУ "Музеј на град Кратово"-Кратово за 2014 година;

- Предлог-Годишна, завршна сметка на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов"-Кратово за 2014 година;
- Годишна сметка со финансов извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на ЈП "Кратово" од Кратово за 2014 година - Предлагач: ЈП за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово;
- Одлуки по предметите за легализација на дивоградбите а за кои е потребно да се донесат одлуки од советот; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Одлука за донесување на општи акти за селата: Приковци, Шлегово, Железница, Живалево, Секулица и Страцин; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Одлука за утврдување на Нацрт ДУП за УЕ 2, Блок 4 и 7; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Одлука за утврдување на Нацрт ДУП за УЕ 2, Блок 5; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Одлука за утврдување на Нацрт ДУП за УЕ 2, Блок 4; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Одлука за донесување на ДУП за УЕ 2, Блок 6; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Одлука за донесување на урбанистички план вон населено место "Крилатица" (Индустриска зона); Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Одлука за утврдување на Нацрт ДУП за УЕ 1, Блок 2; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Годишен извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализираните активности предвидени со програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура во општина Кратово за 2014 година; Предлагач: ЈП за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово и Одделение за урбанизам, комунални работи, ЗЖС и ЛЕР;
- Годишен Извештај за реализираните активности од Програмата за уредување на градски гробишта за 2014 година - Предлагач: ЈП за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово;
- Предлог-Програма со Предлог--Одлука за усвојување на Програма за одржување на јавната чистота на територијата на општина Кратово- Предлагачи: Инспектор за комунални работи и заштита на животната средина во Одделението за инспекциски работи и Одделението за урбанизам, комунални работи, ЗЖС и ЛЕР и ЈП "Кратово" од Кратово, "СИЛКОМ"-ДООЕЛ-Кратово;
- Годишен Извештај за јавната безбедност на подрачјето на општина Кратово за 2014 година-Изготвувач: Полициска станица од општа надлежност-Кратово;
- Извештај за работата на Центар за социјални работа- Кратово за 2014 година-Изготвувач: Центар за социјална работа - Кратово;
- Програма за прослава на 24-ти февруари "Св.Ѓорѓи Кратовски"-Изготвувач: Одбор за прослава на 24-февруари "Св. Ѓорѓи Кратовски";
- Локален акционен план за родова рамноправност во општина Кратово-Изготвувач и Предлагач: Комисија и Координатор за еднакви можности на жените и мажите;

### *Април-Мај-Јуни*

- Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за првиот квартал од 2015 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Буџетски календар на општина Кратово за 2016 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Одлука за изменување и дополнување на буџетот на општина Кратово за 2015 година (доколку има потреба од измена и дополнување)-Предлагач-Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;

- Одлуки за подршка на проекти за аплицирање по објавени повици. Поединечните одлуки ќе бидат изготвени и предложени откако ќе бидат објавени повиците за аплицирање со поединечни проекти-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Одлука за донесување на ДУП за УЕ 2, Блок 4 и 7; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Одлука за донесување на ДУП за УЕ 2, Блок 5; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Одлука за донесување на ДУП за УЕ 2, Блок 4; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Одлуки по предметите за легализација на дивоградбите а за кои е потребно да се донесат одлуки од советот; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;

***Јули-Август-Септември***

- Кварталеn извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за вториот квартал од 2015 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Одлука за изменување и дополнување на буџетот на општина Кратово за 2015 година (доколку има потреба од измена и дополнување)-Предлагач-Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Одлуки по предметите за легализација на дивоградбите а за кои е потребно да се донесат одлуки од советот; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Одлука за донесување на ДУП за УЕ 1, Блок 2; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Извештај за работа на Полициска станица од општа надлежност-Кратово за првата половина од 2015 година-Изготвувач: Командир на Полициска станица од општа надлежност Кратово;

- Програма за одбележување на денот на ослободувањето на Кратово 6-ти Септември;
- Годишен извештај за работата на ООУ "Кочо Рацин" - Кратово за учебната 2014/2015 година-Изготвувач: ООУ "Кочо Рацин"-Кратово;
- Годишен извештај за работата на СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово за учебната 2014/2015 година-Изготвувач: СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово;
- Годишен извештај за работата на ЈОУДГ-Детска градинка "Царка Андреевска" - Кратово за 2014/2015 година - Изготвувач: ЈОУДГ-Детска градинка"Царка Андреевска" - Кратово ;
- Годишна програма за работата на ООУ "Кочо Рацин"- Кратово за учебната 2015/2016 година-Изготвувач: ООУ "Кочо Рацин"-Кратово ;
- Отворен ден за посета на ученици од ООУ "Кочо Рацин"-Кратово на Градоначалникот и Советот на општина Кратово, а како дел од Програмата за работа на ООУ "Кочо Рацин" - Кратово;
- Годишна програма за работата на СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово за учебната 2015/2016 година-Изготвувач: СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово;
- Годишна програма за работата на ЈОУДГ-Детска градинка"Царка Андреевска" - Кратово за работната 2015/2016 година-Изготвувач: ЈОУДГ-Детска градинка"Царка Андреевска" - Кратово;
- Воспоставување на соработка и збратимување со други градови-Општини од Балканот и други земји (Дубровник, со некој турски град и други градови) со цел развој на туризмот во општина Кратово;
- Поднесување апликација од Општина Кратово за членка во Асоцијацијата на стари градови.

***Октомври-Ноември-Декември***

- Програма за работа на Советот на општина Кратово за 2016 година-Предлагач: Комисија за изработка на предлог-програма за работа на Советот;

- Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за третиот квартал од 2015 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Развојни планови на општина Кратово-Предлагач; Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Одлуки по предметите за легализација на дивоградбите а за кои е потребно да се донесат одлуки од советот; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Годишен извештај за спроведување на активностите за Енергетска ефикасност за 2015 година; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер.
- Акционен план за Енергетска ефикасност за 2016 година; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Годишна програма со одлука за усвојување на Годишна програма за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација на територијата на општина Кратово за 2016 година; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Годишен извештај за реализација на Годишната програма за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација на територијата на општина Кратово за 2015 година; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Годишен извештај со Предлог-Решение за усвојување на Годишен извештај за работа на комуналната инспекција во општина Кратово за 2015 година; -Предлагач: Инспектор за комунални работи при Одделението за инспекциски работи;
- Програма со Предлог-Решение за усвојување на Програма за работа на комуналната инспекција во општина Кратово за 2016 година; Предлагач: Инспектор за комунални работи при Одделението за инспекциски работи;
- Годишен извештај со Решение за усвојување на Годишен извештај на градежно-урбанистичката инспекција во општина Кратово за 2015 година; Предлагач: Инспектор за градежништво при Одделението за инспекциски работи;
- Програма со Решение за усвојување на Програма за работа на градежно-урбанистичката инспекција во општина Кратово за 2016 година; Предлагач: Инспектор за градежништво при Одделението за инспекциски работи;
- Организација на Пастрамајлијада во град Кратово (Презентација на локални автентични специјалитети: "Кратовска пастрамајка", "Мантии" и сл.);
- Годишен извештај со Решение за усвојување на Годишен извештај за работа на Јавната општинска установа Дом на културата "Лазар Софијанов" - Кратово за 2015 година; Предлагач: Дом на културата "Лазар Софијанов" - Кратово;
- Годишен извештај со Решение за усвојување на Годишен извештај за работа на Општинска установа "Музеј на град Кратово"- Кратово за 2015 година; Предлагач: ОУ "Музеј на град Кратово"- Кратово;
- Годишна програма за работа и развој на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов" - Кратово за 2016 година-Изготвувач: ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов" - Кратово;
- Годишна програма за работа на ОУ "Музеј на град Кратово"-Кратово за 2016 година Предлагач - Изготвувач: ОУ "Музеј на град Кратово"-Кратово;
- Предлог-Програма за активностите на Општина Кратово во областа на културата за 2016 година; Предлагач-Градоначалник; Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Програма за поддршка на спортски активности во општина Кратово за 2016 година; Предлагач-Градоначалник; Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Програма за социјална и здравстена заштита за 2016 година во општина Кратово; Предлагачи: Центар За социјални работи Кратово; Здравствен дом Кратово, Комисија за јавни дејности и установи;
- Информација за облогот и наплатата на општинските даноци и такси за 10 месеци од 2015 година-Изготвувач: Одделение за финансиски прашања;

- Нацрт-Буџет на општина Кратово за 2016 година - Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Буџет на општина Кратово за 2016 година - Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на општина Кратово за 2016 година- Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Одлука за спроведување на Попис во Општина Кратово; **IV.**.
- Предлог Програма со Предлог-Одлука за усвојување на Програма за уредување на градежно, изградба и одржување на комунална инфраструктура во општина Кратово за 2016 година; Предлага - Предлагачи: ЈП за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово и Одделение за урбанизам, комунални работи, ЗЖС и ЛЕР;
- Предлог-Програма за уредување на градски гробишта во Општина Кратово за 2016 година-Предлагач: ЈП за комунални дејности и инфраструктура "Кратово".

**III. НОРМАТИВЕН ДЕЛ**

Нормативниот дел од Програмата за работа на Советот на општина Кратово ја регулира нормативната дејност на Советот во 2014 година, односно донесувањето на нормативните акти од негова страна и нивно усогласување со новите прописи кои се донесени или што ќе бидат донесени во 2014 година.

**IV. ЗАВРШЕН ДЕЛ**

Со Програмата се нуди можноста да членовите на Советот и неговите работни тела дадат свој придонес во збогатувањето на програмата со содржини кои не се опфатени со истата, а се од надлежност на Советот и кои не се предвидени со овој предлог на Програмата.

За извршување на Програмата се задолжуваат изготвувачите, предлагачите и сите останати учесници да се придржуваат кон обврските определени со програмата и роковите кои што се утврдени во истата.

Во текот на 2015 година Советот на општина Кратово ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат од тековното работење, а секое изменување и дополнување на оваа програма ќе биде во функција на обогатување и подобрување на квалитетот на истата, а со тоа и на самото работење на Советот на општина Кратово во 2015 година.

Програмата ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.16-155/2 — **Претседател**
30.01.2015 г. — **на Советот на општина Кратово**
Кратово — Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 02.02.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Квартален извештај за иврщување на Буџетот на Општина Кратово за четвртиот квартал од 2014 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за четвртиот квартал од 2014 година бр.16-156/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.01.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-179/1 — **Градоначалник**
02.02.2015 г. — **на општина Кратово**
Кратово — Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.01.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за четвртиот квартал од 2014 година**

**Член 1**

Со Одлуката се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за четвртиот квартал од 2014 година предложен од Градоначалникот на општина Кратово, а детално опишан во Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за квартал IV од 2014 година за период: 01.01.2014 - 31.12.2014 година, кој е во прилог и е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

16-156/1 **Претседател**
30.01.2015 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 02.02.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализираните активности од Програмите за култура, спорт и социјалната заштита на Општина Кратово за 2014 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализираните активности од Програмите за култура, спорт и социјалната заштита на Општина Кратово за 2014 година бр.16-157/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.01.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-180/1 **Градоначалник**
02.02.2015 г. **на општина Кратово**
Кратово Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.01.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

### за усвојување на Годишен извештај за реализираните активности од Програмите за култура, спорт и социјалната заштита на Општина Кратово за 2014 година

**Член 1**

Со Одлуката се усвојува Годишниот извештај за реализираните активности од Програмите за култура, спорт и социјалната заштита на Општина Кратово за 2014 година.

Годишниот извештај е во прилог и е составен дел на оваа одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

16-157/1 — **Претседател**
30.01.2015 г. — **на Советот на општина Кратово**
Кратово — Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 02.02.2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

### за објавување на Одлука за утврдување на услови за начинот на градење во село Шлегово Општина Кратово за кое нема урбанистички план

**1.Се објавува: Одлука за утврдување на услови за начинот на градење во село Шлегово Општина Кратово за кое нема урбанистички план бр.16-158/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.01.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-181/1 — **Градоначалник**
02.02.2015 г. — **на општина Кратово**
Кратово — Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 78 став 5, од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Р. Македонија" бр. 51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11; 144/12; 55/13; 163/13 и 42/14), а во врска со член 22, точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р. Македонија бр.5/02), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.01.2015 година, донесе :

**О Д Л У К А**

**за утврдување на услови за начинот на градење во село Шлегово општина Кратово за кое нема урбанистички план**

**Член 1**

Општиот акт за село Шлегово се изготвува согласно Одлука за дополнување на Годишната програмата за изработка на урбанистички планови и Локална урбанистичка планска документација на територијата на општина Кратово за 2014 година, донесена од Советот на општината со бр.07-1294/1 од 26.09.2014 година ("Службен гласник на Општина Кратово" бр.8 од 29.09.2014 година).

**Член 2**

Одлуката е одобрена од Комисијата назначена со Решение бр.08-1699/1 од 04.12.2014 година, од Градоначалникот на општина Кратово и за истата е добиена Согласност од Министерство за транспорт и врски со број 25-277/4 од 09.01.2015година.

**Член 3**

Одлуката за Општ акт за село Шлегово е изготвена од правно лице ДУПИ Планерис дооел Куманово кое поседува лиценца согласно член 18 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ", бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14).

**Член 4**

Општиот акт за село содржи, текстуален дел - Предлог Одлука , нумерички дел – табеларен приказ на планираните содржини издвоени по површина и намена на земјиштето и графички прилози :

**ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1.ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПОШИРОК ПРОСТОР...............................................1:25000

2.АРХИВСКИ ОРГИНАЛ НА КАТАСТАРСКИ ПЛАН...........................1:2500

3.ИЗВОД ОД УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ШЛЕГОВО ....................................1:2500

4.ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ШЛЕГОВО.......1:2500

**Член 5**

Графичкиот прилог од општиот акт е изработен на заверени дигитализирани архивски оригинали на катастарски планови.

**Член 6**

Со Одлуката за Општ акт за село Шлегово се утврдува граница на плански опфат на село Шлегово со вкупна површина од 52.41 ха. Границата на селото графички и текстуално е опишана со дефинирани координати на сите прекршни точки, означени со редни броеви од 1 до 260, а за секоја точка се дадени параметрите по X и У координати.

1. X=596292.7100 Y=659192.0360
2. X=596291.2540 Y=659170.4670
3. X=596281.1250 Y=659135.4880
4. X=596286.1610 Y=659129.9100
5. X=596292.7090 Y=659127.0640
6. X=596301.8960 Y=659124.8720
7. X=596309.8920 Y=659120.1790
8. X=596313.3130 Y=659114.6400
9. X=596325.8210 Y=659106.4330
10. X=596352.5540 Y=659082.9590
11. X=596360.3040 Y=659073.2530
12. X=596390.4750 Y=659042.8820
13. X=596396.8290 Y=659035.6690
14. X=596396.7460 Y=659028.5690

15.X=596401.7490 Y=659004.5310
16.X=596398.9000 Y=658987.6700
17. X=596398.3860 Y=658976.8600
18. X=596397.9050 Y=658974.7930
19. X=596397.6750 Y=658964.6490
20. X=596395.9410 Y=658949.2810
21. X=596394.2510 Y=658939.0610
22. X=596391.0420 Y=658926.4210
23. X=596387.9160 Y=658920.9160
24. X=596391.7370 Y=658913.6430
25. X=596388.5110 Y=658906.7650
26. X=596389.2790 Y=658900.6360
27. X=596398.2960 Y=658883.7110
28. X=596403.6240 Y=658876.5390
29. X=596774.8482 Y=658864.6997
30. X=596403.6440 Y=658852.2490
31. X=596406.8690 Y=658840.4920
32. X=596407.4460 Y=658831.4950
33. X=596406.6140 Y=658824.2890
34. X=596406.9770 Y=658808.6480
35. X=596404.6750 Y=658793.3150
36. X=596396.2380 Y=658780.9990
37. X=596394.2410 Y=658773.5080
38. X=596394.4630 Y=658767.1440
39. X=596393.0830 Y=658760.7070
40. X=596385.5160 Y=658740.8060
41. X=596405.7180 Y=658739.8020
42. X=596415.1970 Y=658731.0110
43. X=596434.9020 Y=658736.0470
44. X=596451.4980 Y=658721.4510
45. X=596435.9790 Y=658694.7850
46. X=596428.3330 Y=658678.7570
47. X=596420.5340 Y=658664.6010
48. X=595722.3490 Y=659109.4182
49. X=596400.0870 Y=658634.0280
50. X=596394.7840 Y=658638.4070
51. X=596383.6060 Y=658623.7840
52. X=596360.8240 Y=658600.0770
53. X=596335.8030 Y=658578.1800
54. X=596326.1870 Y=658586.4600
55. X=596318.6600 Y=658595.4510
56. X=596314.4429 Y=658590.9116
57. X=596310.5690 Y=658586.0760
58. X=596308.2390 Y=658581.8780
59. X=596298.9580 Y=658569.6570
60. X=596295.8670 Y=658566.5990
61. X=596526.9999 Y=658405.7320
62. X=596283.7730 Y=658547.6520
63. X=596277.2380 Y=658542.6330
64. X=596266.5730 Y=658518.1670
65.X=596263.9700 Y=658515.6800
66. X=596261.9900 Y=658499.9260
67. X=596267.1910 Y=658481.5350
68. X=596277.7992 Y=658466.0465
69. X=596302.6316 Y=658437.6397
70. X=596314.0100 Y=658420.7870
71. X=596318.8270 Y=658408.0770
72. X=596328.6770 Y=658402.8140
73. X=596346.7940 Y=658384.7630
74. X=596362.9240 Y=658375.4640
75. X=596386.1510 Y=658391.3730
76. X=596389.3370 Y=658389.9130
77. X=596390.5890 Y=658386.7200
78. X=596396.7830 Y=658364.3960
79. X=596407.1100 Y=658339.2090
80. X=596412.0180 Y=658335.2090
81. X=596430.1420 Y=658333.7010
82. X=596437.0250 Y=658332.8470
83. X=596434.0290 Y=658327.1600
84. X=596428.6240 Y=658315.4660
85. X=596425.9380 Y=658301.9570
86. X=596426.0720 Y=658285.6970
87. X=596431.3290 Y=658277.3000
88. X=596044.8725 Y=658090.9425
89. X=596439.7320 Y=658258.7630
90. X=596443.0360 Y=658259.0710
91. X=596441.5370 Y=658253.9960
92. X=596443.0740 Y=658248.6130
93. X=596451.1020 Y=658249.9710
94. X=596455.0900 Y=658233.2720
95. X=596436.5239 Y=658116.3699
96. X=596468.5970 Y=658230.3090
97. X=596460.0554 Y=658201.8383
98. X=596474.5090 Y=658227.8120
99. X=596465.6956 Y=658217.4683
100. X=596477.8490 Y=658223.5480
101. X=596401.8043 Y=658192.6963
102. X=596480.9190 Y=658214.5020
103. X=596487.7816 Y=658216.9233
104. X=596482.8380 Y=658211.5830
105. X=596487.9132 Y=658216.8786
106. X=596486.6010 Y=658209.6620
107. X=596490.3430 Y=658209.4710
108. X=596488.4060 Y=658219.2433
109. X=596494.3360 Y=658211.2380
110. X=596497.6000 Y=658213.8120

111. X=596536.1346 Y=658177.8347
112. X=596505.0810 Y=658220.4370
113. X=596493.3810 Y=658234.9350
114. X=596509.6280 Y=658233.4300
115. X=596523.8330 Y=658241.3440
116. X=596541.4770 Y=658253.2260
117. X=596546.8410 Y=658263.1130
118. X=596557.2450 Y=658266.6860
119. X=596569.6400 Y=658272.3100
120. X=596591.5860 Y=658258.4490
121. X=598053.9064 Y=659975.0399
122. X=596625.3060 Y=658230.2860
123. X=596638.4580 Y=658229.9820
124. X=596664.2690 Y=658245.6300
125. X=596721.3196 Y=658247.7025
126. X=596724.9600 Y=658241.4620
127. X=596778.7600 Y=658248.3530
128. X=596786.5360 Y=658246.1950
129. X=596826.2650 Y=658245.0300
130. X=596443.2328 Y=658266.1137
131. X=596826.8420 Y=658264.6400
132. X=596220.3708 Y=658320.9700
133. X=596829.0240 Y=658298.1300
134. X=596828.7791 Y=658305.1743
135. X=596698.1914 Y=658296.2875
136. X=596825.4620 Y=658326.8540
137. X=596772.4088 Y=658312.0524
138. X=596822.5030 Y=658334.9500
139. X=596821.6000 Y=658338.3390
140. X=596821.0990 Y=658343.2190
141. X=596821.0490 Y=658351.2920
142. X=596795.0055 Y=658350.5465
143. X=596820.4230 Y=658356.2710
144. X=596818.6160 Y=658362.7730
145. X=596816.5352 Y=658367.4109
146. X=596781.2581 Y=658348.7980
147. X=596807.0360 Y=658379.2350
148. X=596842.2475 Y=658397.9430
149. X=596804.2290 Y=658385.9250
150. X=596800.1710 Y=658384.5100
151. X=596759.7030 Y=658372.0995
152. X=596795.9560 Y=658393.9490
153. X=596905.4988 Y=658434.9113
154. X=596792.1530 Y=658406.0970
155. X=596790.6470 Y=658410.3150
156. X=596721.1116 Y=658381.6638
157. X=596781.7480 Y=658426.1530
158. X=596780.0190 Y=658440.2450
159. X=596779.0250 Y=658444.8720
160. X=596771.3770 Y=658467.8340
161. X=596772.1610 Y=658477.6360
162. X=596775.2740 Y=658488.2120
163. X=596783.0270 Y=658503.2850
164. X=596781.8050 Y=658509.2580
165. X=596789.4310 Y=658513.3740
166. X=596795.1630 Y=658514.1750
167. X=596796.3670 Y=658517.3880
168. X=596805.1470 Y=658518.3920
169. X=596813.9270 Y=658521.9070
170. X=596817.5400 Y=658524.4170
171. X=596823.9620 Y=658522.2080
172. X=596832.8850 Y=658525.2270
173. X=596836.8020 Y=658535.2200
174. X=596841.5460 Y=658555.1080
175. X=596839.7930 Y=658578.3160
176. X=596840.4070 Y=658590.9620
177. X=596852.1670 Y=658608.2050
178. X=596862.1060 Y=658613.3890
179. X=596872.1490 Y=658624.4660
180. X=596864.3210 Y=658638.1960
181. X=596857.8680 Y=658652.0090
182. X=596856.4860 Y=658668.9110
183. X=596856.7560 Y=658677.4780
184. X=596861.7150 Y=658683.0560
185. X=596869.8820 Y=658686.3140
186. X=596971.0661 Y=658243.3076
187. X=596899.8860 Y=658692.1130
188. X=596925.8970 Y=658696.0800
189. X=596925.3240 Y=658699.5390
190. X=596920.9170 Y=658717.0970
191. X=596922.0400 Y=658724.0020
192. X=596922.2680 Y=658735.9550
193. X=596921.3110 Y=658741.7320
194. X=596934.0760 Y=658755.6500
195. X=596936.9670 Y=658795.3940
196. X=596917.6370 Y=658795.4950
197. X=596890.6060 Y=658808.1310
198. X=596874.5040 Y=658838.4240
199. X=596861.8630 Y=658868.6360
200. X=596852.8390 Y=658895.1680
201. X=596845.0170 Y=658925.5030
202. X=596835.8430 Y=658953.2800
203. X=596832.3360 Y=658968.4610
204. X=596825.2090 Y=658981.8190
205. X=596823.5180 Y=658986.5940
206. X=596818.4990 Y=658996.2360

207. X=596829.6490 Y=659003.2080
208. X=596833.1420 Y=659004.4750
209. X=596851.9710 Y=659023.6130
210. X=596860.5190 Y=659037.7810
211. X=596835.7160 Y=659039.7860
212. X=596827.3710 Y=659046.1020
213. X=596816.2420 Y=659048.0990
214. X=596807.2390 Y=659047.2930
215. X=596794.8920 Y=659048.0600
216. X=596782.5890 Y=659051.0970
217. X=596769.4410 Y=659055.8490
218. X=596756.0860 Y=659062.1090
219. X=596798.0254 Y=659180.8494
220. X=596742.8070 Y=659067.6720
221. X=596866.6821 Y=659525.3461
222. X=596715.9720 Y=659075.7940
223. X=596711.3270 Y=659079.9800
224. X=596700.4390 Y=659095.9730
225. X=596696.8300 Y=659103.5010
226. X=596699.9010 Y=659125.3850
227. X=596704.8500 Y=659138.5700
228. X=596704.5430 Y=659149.7930
229. X=595627.2770 Y=659192.1209
230. X=596705.3490 Y=659184.7420
231. X=596703.0870 Y=659202.4510
232.X=596700.9790 Y=659240.5240
233. X=598116.5858 Y=659681.3613
234. X=596686.1886 Y=659291.1769
235. X=596674.8776 Y=659337.9916
236. X=596673.7256 Y=659340.9241
237. X=596673.5161 Y=659343.7518
238. X=596675.4013 Y=659348.5694
239. X=596333.3668 Y=659411.1715
240. X=596678.7527 Y=659370.9818
241. X=596677.3912 Y=659418.9485
242. X=596675.6107 Y=659424.9182
243. X=596670.1647 Y=659433.5061
244. X=596982.9677 Y=659655.9849
245. X=596657.3716 Y=659452.6878
246. X=596656.7148 Y=659459.1627
247. X=596660.1868 Y=659464.7461
248. X=596671.4944 Y=659479.2911
249. X=596673.5119 Y=659483.7954
250. X=596106.2330 Y=659645.4502
251. X=596680.1276 Y=659509.1319
252. X=596685.2418 Y=659509.4134
253. X=596677.7816 Y=659527.4774
254. X=596667.9153 Y=659522.9611
255, X=596632.7873 Y=659503.3667
256. X=596626.0517 Y=659493.5550
257. X=596607.4361 Y=659499.0708
258. X=596586.0562 Y=659503.9819
259. X=596576.2806 Y=659498.4152
260. X=596569.6277 Y=659492.8486

Границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од 1 до 260, а за секоја точка табеларно се дадени параметрите по x и y координати.

## Член 7

Со општиот акт се утврдуваат групите на класи на намени во рамките на планскиот опфат со име за секоја наменска зона поodелно согласно член 30 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М, бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14 и 148/14).

Во рамките на планскиот опфат на село Шлегово се утврдени повеќе групи на класи на намена:

**А - Зона на Домување**
**Б - Зона на Комерцијални и деловни намени**
**В - Зона на Јавни институции**
**Г – Зона на производство, дистрибуција и сервиси**
**Д - Зона на Зеленило и рекреација**
**Е - Зона на Инфраструкутра**

Поради флексибилност на Општиот акт за с.Шлегово одредени се намени до ниво на група на класа на намени. Предвидените зони со група на класи на намени за с.Шлегово се составени од следните класи на намени:

**А - Домување**
А1 - Домување во станбени куќи

**Б - Комерцијални и деловни намени**
Б1 - Мали комерцијални и деловни намени

**В - Јавни институции**
В1 - Образование и наука

В2 - Здравство и социјална заштита

В3 - Култура

В5 - Верски институции-црква

**Г - Производство, дистрибуција и сервиси**

Г2 - Лесна и незагадувачка индустрија

Г4 – Стоваришта

**Д - Зеленило и рекреација**

Д1 - Парковско зеленило

Д2 - Заштитно зеленило

Д3 - Спорт и рекреација

Д4 - Меморијални простории

**Е - Инфраструкутра**

Е1-Комунална инфраструктура (сообраќајни коридори)

Е2-Комунална супструктура

**Член 8**

Со Одлуката за Општ акт за село Шлегово се дефинирани сите постојни влезни и излезни правци во селото и неговата сообраќајна поврзаност со поширокото опкружување.

Со Одлуката за Општ акт за село Шлегово се дефинира пристапот до градбите и начинот на решавање на стационарниот сообраќај, кој треба да е во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр. 63/12 , 126/12, 19/13, 95/13 і 37/14).

Доколку не е обезбеден колски пристап до парцелата и ако инвеститорот не може сам да го обезбеди, не може да се утврдат услови за градба.

**Член 9**

Утврдувањето на условите за градба на објектите во рамките на утврдените наменски зони во графичкиот приказ, се врши според конкретните услови на лице место, одредбите на оваа одлука, Законот за просторно и урбанистичко планирање и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот закон.

**Член 10**

Формирањето на градежната парцела, површината за градба, висината на објектите, процентот на изграденост и коефициент на искористеност да се во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

При формирањето на градежните парцели потребно е да се почитуваат имотно правните односи, односно една или повеќе катастарски парцели да преставуваат градежна парцела.

Површината за градење може да се протега во рамки на една или повеќе катастарски парцели, при што минималното растојание од површината за градење до границата на парцелата кон постоечката сообраќајница не треба да е помало од три (3) метри, согласно член 84-а од Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр.37/14).

**Член 11**

Со Одлуката за Општ акт за село Шлегово се дефинира просторната организација и условите за градење во селско стопански двор.

Во рамките на градежните парцели со класа на намена А1 (домување во станбени куќи – селско стопански дворови) освен објектот за домување, можат да се предвидат и помошни градби во функција на селско стопанскиот двор (штали, складишта, гаражи и сл.).

**Член 12**

Со Одлуката за Општ акт за село Шлегово се дефинира начинот на реализација на инфраструктурните водови и градби.

Постојната инфраструктурна мрежа (водовод, канализација и електрика) да овозможи да се приклучи на мрежата секој објект со основна група на класи на намена А-

домување, Б- комерцијални и деловни намени и В- јавни институции.

За објектите со група на класа на намена Г - производство, дистрибуција и сервиси, доколку капацитетите на постојната инфраструктура не задоволуваат се изработува Проект за инфраструктура.

Проект за инфраструктура се изработува согласно член 51-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање, (Сл. Весник на РМ, бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14),

**Член 13**

Општиот акт за село Шлегово содржи табели со Билансни споредбени показатели во кои се прикажани планираните површини по намена на земјиштето – наменските зони, во однос на постојните изградени површини.

**Член 14**

Сите параметри за уредување на просторот во планскиот опфат кои не се опфатени во приложените општи услови за изградба на просторот од овој општ акт, мора да бидат во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.Македонија бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14,125/14 і 148/14).

**Член 15**

Графичкиот прилог кој е составен дел на оваа Одлука, по нејзиното донесување, се заверува од Градоначалникот на општина Кратово и се доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот во електронски формат.

**Член 16**

